PALAS
- TRAVEL AGENCY -
- EST 1994 -

**Licence – “A” category**
**Ruzveltova str. BB; 7000 Bitola – MACEDONIA**
**Tel/fax : +389 (0) 47 232 980; +389 (0) 71 222 939**
**info@palas.mk; www.palas.mk;**

# САРАЕВО – МОСТАР

**Прв ден: 30.12.2025 (ВТОРНИК ) Битола – Сараево**
Состанок на групата во 19 00 часот од Спортска Сала. Патуваме преку граничен премин Табановце, со ноќно возење низ Србија, со попатни паузи за одмор и гранични формалности.

**Втор ден: 31.12.2025 (СРЕДА) Сараево**
Пристигнување во **Сараево** во претпладневните часови. Пешачки разглед на градот со локален водич и посета на: **градската куќа**, **Латинска чуприја** – местото на атентатот на Франц Фердинант, улицата **Казанџилук** со многубројните занаетчиски дуќани од периодот на Отоманското царство, **катедралата Срце Христово**, **Соборната црква Св. Тројца**, **Гази Хусрефбегова и Царската џамија, Башчаршија**, **мостовите.** Сместување во хотел.
**Вечерта НОВОГОДИШЕН ДОЧЕК на плоштад каде главна звезда ќе биде ЈЕЛЕНА РОЗГА. Ноќевање.**

**Трет ден: 01.01.2026 (ЧЕТВРТОК ) Сараево – Јабланица – Мостар – Сараево**
**Појадок**. По појадокот предвидена факултативна посета на Мостар. Со попатна посета на **Јабланица** - срушениот мост од **Втората Светска Војна** познат по битката на **Неретва**. Продолжуваме кон Мостар, градот каде се сретнува северот со југот и западот со истокот, град во кој реката Неретва со векови ги дели културите и религиите, град во кој различностите и спротивностите можат да се видат и почувствуваат на секој агол. Вклучена посета на: **Стариот мост**, **улицата Кујунџилук** со занаетчиските дуќани, **Отоманските резиденции од XVI-XIX век итн.** Во попладневните часови враќање кон Сараево. **Ноќевање.**

**Четврти ден: 02.01.2026 (ПЕТОК ) Сараево - Босански Пирамиди – Вишеград – Битола**
**Појадок.** По појадокот можност за факултативна посета на местото Високо-каде се наоѓаат едни од најстарите пирамиди и енергетски полиња во светот - Босанските пирамиди. Малото гратче **Високо** ја крие мистерија на петте пирамиди, онаа на **Сонцето, Пирамидата на Месечината**, **на Змејот**, на **Мајката Земја** и **Пирамидата на Љубовта**. Со својата висина од 220 метри пирамидата на Сонцето е најголемата пирамида во светот. Продолжуваме кон посета на тунелот **''Равно 1''** во кој имаме околу еден час посета во внатрешноста на ископините кои се наоѓаат во подножјето на пиреамидите. Докажано е дека просториите под пирамидите имаат лековити моќи поради големото ниво на јонизација. По завршување на посетата се враќаме во хотел.
***Патниците кои нема да ги посетат пирамидите имат слободно време во хотел со тоа што по враќање од пирамидите ќе бидат земени од хотелот. Одјавување од хотелот. Заминување кон **Вишеград**. Го посетуваме симболот на градот мостот изграден од Мехмед Паша Соколовиќ кој е под заштитана **UNESCO** и опишан во романот “**Мостот на Дрина”** на Иво Андриќ. Воедно го посетуваме и **„Андриќ Град''** познат како камен град изграден по идеа на Емил Костурица во чест на Иво Андриќ. Враќање кон Македонија со попатни паузи.

**Петти ден: 03.01.2026 (САБОТА)**
Пристигнување во Битола во утринските часови.

**ПРОМО ЦЕНА – 125 евра**

РЕДОВНА ЦЕНА НА АРАЖМАНОТ - 145 евра

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

·Автобуски превоз на дадената релација;
·Сместување во хотел 3* на база 2 ноќевања со појадок во Сараево;
·Разгледување на Сараево со локален водич;
·Разглед на Андрич град;

·Придружник на групата.

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**
**Бр.1:** Полудневен излет до Мостар (разглед + Јабланица) – **45 евра** - минум 35 патници;
**Бр.2:** Посета на Босански Пирамиди - **30 евра** (миниум 30 патници);
**Босански пакет ( Мостар + Босански Пирамиди) - 70евра.**
·Туристичка такса **2** евра ;

·Здравствено патничко осигурување (задолжително);

**НАПОМЕНИ:**

- За реализација на аранжманот потребен е минимум од 40 патници;

- Доколку не се оствари реализација за минималниот број на патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот најдоцна 5 дена пред поаѓање;

- Доплата за избор на седиште во двата правци 10 евра;

- Организаторот го задржува правото за промена на цените на факултативните излети, во случај на промена на цената на влезниците на локалитетите;

- Земете предвид дека поради државни или верски празници на одредена дестинација на одредени локалитети или трговски центри, продавници и ресторани, музеи можно е да не работат, па постои можност да се смени редоследот на одредени содржини во програмата;
- Доколку е потребно, организаторот го задржува правото за промена на програмата;
- Пасошот мора да има важност минимум 3 месеци од датумот на завршувањето на аранжманот за овој аражман може да се патува и со лична карта.